# БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИТАП

Ви се обраќаме во врска со Соопштение насловено: „Вицепремиерите Битиќи и Николовски и министерот Бочварски на увид на градежни активности на експресниот пат Ранковце-Крива Паланка: Околу 700 милиони евра во инфраструктурни проекти во Североистокот", објавено на интернет страницата на Владата на Република Северна Македонија на ден 09.04.2021 година.

Во истото се наведува: „Би сакал да потенцирам дека активно работиме и на западниот дел од Коридорот 8, каде веКе е во изграДба автопатската Делница Кичево-Охрид, во вредност од речиси 600 милиони евра, а во план е изградба и на целосно автопатско решение Кафасан-Струга и Кичево-Гостивар-Тетово. И железничкиот Коридор 8 во западниот дел од земјата е во план да се гради, со нова Делница од Кичево до Охрид, за кој имаме готов проект, со проекција од околу 500 милиони евра и за кои веќе започнавтае да комуницираме со меёународнитг финансиски институции за обезбедување на средства. Сите овие проекти, на Коридорот 8, кои се во вредност од околу 2,5 милијарди евра, се јасен сигнал и кон нашите сограёани, соседите во регионот но и Европа, дека инвестираме во иднината", нагласи вицепремиерот Битиќи".

Имајќи го предвид наведеното, а врз основа на член 4 од Архуската Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања повраани со животната средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 40/99), член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р.М. бр.1О1/19) и член 51 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.м. бр.53/О5, 81/05, 24/07, 159/08, 48/2010, 124/10 24/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Ве молиме да_ни ги доставите следните информации:

- Копија од автопатското решение Кафасан-Струга;
- Дали автопатското решение Кафасан- Струга е доставено до Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела на мислење ? Доколку да, дали е добиено мислење? Доколку е добиено мислење, Ве молиме да ни доставите копија од истото, а во случај да се уште не е добиено мислењето, Ве молиме истото да ни го доставите по неговиот прием.

Ве молиме бараните информации да ни ги доставите во писмена или електронска форма.

**ОДГОВОР**

Согласно Решението бр. 09-4661/2 кон Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 09-4661/1 од 06.05.2021 година доставено од Здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42“, кон барателот се доставува следниот одговор:

Во планот за 2021 година на Јавното претпријатие државни патишта е предвидена јавна набавка за изработка на идеен проект, физибилити студија, Студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти и подготовка на Тендерска документација за градење според ФИДИК (жолта книга) за следните автопатски делници: Битола – Прилеп; Тетово – Гостивар; Гостивар - Букојчани; и Требениште – **Струга – Ќафасан.**

Тендерската постапка за услуги до овој момент не е започната од причина што Владата на Република Северна Македонија потпиша Меморандум за разбирање со Bechtel & Enka за соработка при изградба на коридорот VIII, вклучително и делницата Струга – Ќафасан, за што ЈП за државни патишта чека понатамошни одлуки од Владата како ќе се спроведува проектот.

Инаку за делницата Струга – Ќафасан постои стара проектна документација за изградба на автопат, изработена во периодот 2002 - 2010 година, која беше доставена до УНЕСКО и која треба да се преработи согласно најновите законски барања, ЕУ стандарди, како и согласно препораките од мисиите на УНЕСКО.

ЈП за државни патишта при подготовката на Проектната задача и на проектната документација ќе ги почитува препораките од УНЕСКО.

Официјалниот извештај од заедничката Реактивната мониторинг мисија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела ICOMOS и IUCN за „Природното и културното наследство на Охридскиот регион“ реализирана од 27 до 31 јануари 2020 година во нашата земја и во Република Албанија е јавно објавен на веб страната на Центарот за светско наследство на УНЕСКО - https://whc.unesco.org/en/list/99/documents